# Модул на е-учење

# Вовед во моделирање на бизнис процеси

# МБП

## Поенти на курсот

Ова е кратко и практично резиме за најважните информации од курсот.

## 1 Учебни цели

До крајот на овој курс, вие ќе научите:

- што е МБП и кои се неговите основни елементи,
- за што и како се користи МБП во ЕУ,
- целта на МБП и неговите придобивки,
- како да се имплементира МБП.

Исто така ќе станете свесни за тоа дека:

- скратеницата МБП може да означува многу различни нешта, дел од кои се блиску поврзани со моделирањето на бизнис процеси.

На ЕУ ѝ е потребен заеднички јазик кој им овозможува на различните земји-членки да ги соопштат деталите за правните и процедуралните дефиниции и реалниот процес што е воспоставен, за да се овозможи донесување соодветни одлуки за хармонизација и имплементација.

## 2 Дефинирање процес

- Поимот Моделирање на бизнис процеси се однесува на структурна претстава, опис или дијаграм, кои дефинираат одреден тек на активности во одредена деловна или организациска единица.
- Целта на МБП е да илустрира целосен бизнис процес и да се постигне поедноставен и поефикасен процес.
- Придобивки од МБП нема само ЕУ, туку имаат и трговците, царинските службеници и обучувачите.На ЕУ ѝ треба заеднички јазик за да осигури дека целта на законодавството на ЕУ е правилно исполнета.
- МБП може да ја задоволи таа потреба бидејќи ја поддржува подготвителната работа при дизајнирање и дискутирање правни нацрти на ниво на ЕУ и обезбедува конзистентно имплементирање во сите земји-членки.

## 3 Клучни компоненти на МБП

- МБП користи **графички компоненти** наречени „Нотација за моделирање на бизнис процеси“ (НМБП).

  - ***Настан*** - „настан“ е нешто што се случува во одредено време - обично предизвикано од активирач и има влијание.
  - ***Тек на низата*** - „тек на низата“ укажува на тоа што следува.
  - ***Активност*** - „активност“ е нешто што одзема време или ресурси и се користи за означување на извршена операција.
  - ***Портал*** - „портал“ ги означува одлуките што се донесуваат во секој процес и се користи за одделување, спојување или поврзување различни патеки (информациски текови).
  - ***Базен - „базенот“ претставува учесник во процес.***Исто така, тој се користи за делење активности од други базени.
  - ***Пливачка патека*** - „пливачка патека„ е дел во рамките на еден базен и се користи за организирање и категоризирање на активностите.

- МБП носи јасност и обезбедува еден консолидиран поглед. Што е од клучна важност за еден модел да биде ефикасен:

  - **Почетната и крајната** точка треба да бидат <u>јасно видливи</u>.
  - **Активностите** кои се извршени се точни и нивниот редослед е <u>последователен и логичен</u>.
  - **Луѓето** кои ги извршуваат активностите се <u>очигледни</u>.
  - **Документите и обрасците** што се користат и разменуваат помеѓу базените <u>лесно може да се идентификуваат</u>.
  - **Посакуваниот исход** од процесот треба да биде <u>јасно дефиниран</u>.

## 4 Преглед на курсот

- Основен принцип на ЕУ и клучен елемент на заедничко напредување во стратешка насока е тоа што царинските администрации на земјите-членки на ЕУ функционираат беспрекорно како да се единствен субјект.

- Целта на МБП е да илустрира целосен бизнис процес, овозможувајќи им на раководителите, консултантите, ИТ-тимот и персоналот да го подобрат текот и да го направат процесот поефикасен.

- МБП широко се користи во деловните активности, администрациите, организациите итн., затоа, постојат многу ресурси. Постојат ресурси на интернет достапни преку копчето Библиотека на лентата за навигација.

# 5 Каде може да дознаете повеќе за МБП

Дополнителни информации за МБП и пристап до курсот за е-учење може да се најдат на интернет-страницата на EUROPA: https://ec.europa.eu/taxation_customs/eu-training/general-overview_en.

*Запомнете, ова се кратки заклучоци за најважните информации од курсот.*
*Само законодавството на Европската унија објавено во хартиена верзија во Службен весник на Европската унија се смета автентично.Европската комисија не прифаќа никаква одговорност или барање за надомест на штета во поглед*